Почитувани,
Ве поканувааме да учествувате на информативниот настан на Фондот за иновации и технолошки развој, што ќе се одржи на 20.03.2015 година во театарот Ј.Х.Џинот со почеток во 11часот. На овој настан ќе биде претставена можноста за финансирање преку инструментот Кофинансирани грантови за стар-ап, спин оф претпријатија и иновации.
Јавниот повик за инструментот е објавен на 18.02.2015година, а периодот за поднесување предлог-проекти е до 18.04.2015 година.
Со цел за подетално информирање во врска со процедурите за аплицирање и содржината на апликацискиот пакет, претставниците на Фондот ќе одржат презентации низ повеќе градови во Република Македонија.

Ве молиме да ни го потврдите Вашето присуство на оваа е-пошта jasna.petrovska@fitr.mk или на телефонот (02) 314 5258. Бројот на учесници е ограничен.
Фондот за иновации и технолошки развој ги охрабрува сите заинтересирани да го погледнат Јавниот повик на веб страницата на Фондот http://fondzainovacii.mk/?page_id=292 и да земат активно учество на информативните настани.
Со почит,
Фонд за иновации и технолошки развој